АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Македонија

3-553-101.01

Бр: 02-3641/1
Скопје, 26.05.2016г

Во рамките на политиката на АД ЕЛЕМ за поттикнување и поддршка на стручното усовршување на инженерскиот кадар, за промоција на успешното работење на поединци, за воведување на квалитетни начини за интерно информирање во врска со стручните проблематики, како и за негување на стручно презентирање и меѓусебна дискусија, Управниот одбор на АД ЕЛЕМ, донесе одлука (УО бр.02-3324/17/9 од 9.5.2016 година) за воведување на годишна награда за стручно-научни трудови подготвени од вработени во компанијата и за објавување:

# КОНКУРС
# за наградување на стручно-научни трудови за 2016 година

***Право на учество*** имаат сите вработени во АД ЕЛЕМ, со исклучок на Директорите на подружници.

***Конкурсот се однесува на теми*** од следните технички области:

- *Развој на електроенергетскиот систем,стратегии, производство на електрична и топлинска енергија;*
- *Рударство и геологија;*
- *Електротехника/машинство (хидро, термо, обновливи, нуклеарна технологија и нови технологии);*
- *Градежништво (брани, канали);*
- *Пазари на електрична енергија;*
- *Финансирање на електроенергетски проекти (или економски анализи на електроенергетски проекти);*
- *Регулатива во насока на реализација на електроенергетски проекти - (можности за подобрување), трет енергетски пакет на Европската Унија и енергетската заедница;*
- *Заштита на животната средина (или влијание на енергетските проекти врз животната средина).*

**Темите** се по слободен избор на кандидатите и треба да бидат поврзани со делокругот на работа на ЕЛЕМ.

***Подносител*** може да биде поединец или група, во кој случај, еден е автор, а останатите, ко-автори. Авторот, комуницира во сите фази на конкурсот. Доколку станува збор за група на автори максималниот број на групата е ограничен на еден автор и двајца ко-автори. Максималниот број на трудови што може да се доставaт како автор или ко-автор се три (3).

***Рецензија*** ќе се спроведе од респектабилен рецензентски одбор, во фазата на прифаќање на темите и поднесените трудови.

***За наградување*** ќе бидат земени во предвид трудовите со позитивна рецензија. За 2016 година се воведува награда за сите трудови со позитивна рецензија, во износ од 4.000,00 денари. Од секоја техничка област ќе се избере најдобар труд и истите ќе бидат наградени во износ од една просечна плата во АД ЕЛЕМ.

***Сите трудови*** со позитивна рецензија ќе бидат сопственост на компанијата, со цел нивно соодветно едитирање и јавно презентирање, додека авторите го задржуваат правото за објавување на стручно-научни конференции или слични форми. Презентацијата на стручните трудови на стручно-научни конференции или слични форми, ќе биде помогнато од страна на АД ЕЛЕМ, во смисла на плаќање котизација и трошоци за пат и сместување.

***Дефинитивните критериуми за техничката обработка на трудовите***, авторите ќе ги добијат од рецензентскиот одбор при прифаќањето на темите.

***Рокови:***

- ***Пријавување на темата и кратка содржина***, *до 1 страница*, ***до 1.9. 2016.***
- ***Рецензија*** *и информација за прифаќање/неприфаќање*, ***до 1.10.2016.***
- ***Поднесување на готов труд***, *во рок од 3 месеци*, ***до 1.1.2017.***
- ***Рецензија*** *(со евентуални консултации)*, ***до 1.2.2017.***

***Темите и трудовите да се доставуваат*** *по електронска пошта на: naucnitrudovi@elem.com.mk*

*Информацијата за конкурсот ќе биде достапна на веб-страницата на АД ЕЛЕМ, на огласните табли и ќе биде упатена, како повик, лично, до потенцијалните автори по електронска пошта.*

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**
м-р Дејан Бошковски